MK SIGAL Insurance Group

Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 35 / 1
16.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

### Член 1

Се усвојуваат измените и дополнувањата на Посебни услови за осигурување одговорност на стечајни управници бр.011/12 од 27.06.2012 година .

### Член 2

1. Во членот 9 Обврска на осигуреникот кога ќе настане осигурениот случај се додава нова реченица која гласи „ *Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови .Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот.*"

2. Членот 20 Застарување на побарувањето се менува и гласи:

   „*Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи и Законот за стечај.*"

3. Во членот 22 Надлежност на судот во случај на спор и примена на законите, реченицата „*За споровите кои ќе произлезат од примената на овие Услови ќе решава стварно надлежниот суд во седиштето на осигурувачот*" **се заменува со реченицата** „*Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.*"

### Член 3

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година.

### Член 4

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги доставaт до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена и дополнување на постојните услови во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети и дефинирање на надлежен суд и застарување на побарување.

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритон Азизи

SIGAL
MK Insurance Group
Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција